# ЗАКОН ЗА УПОТРЕБАТА НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК
**(КОНСОЛИДИРАН ТЕКСТ „Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/05, 89/08, 116/10 187/13, 152/15, 192/15 и 193/17)**
**(неофицијален пречистен текст)**

Член 1

Со овој закон се уредува употребата на македонскиот јазик, како службен јазик во Република Македонија (во натамошниот текст: Република).

Македонски јазик, во смисла на овој закон, е македонскиот литературен јазик и неговото кирилско писмо.

Употребата на македонскиот јазик, во смисла на овој закон ги опфаќа неговата заштита, унапредување и збогатување.

Член 2

Македонскиот јазик е духовно богатство од посебно културно и историско значење за Републиката.

Употребата на македонскиот јазик, како службен јазик е право и должност на граѓаните на Републиката.

Член 3

Со овој закон не се ограничува правото на слободно творештво и развивањето на културниот, јазичниот и верскиот идентитет на граѓаните на Републиката.

Член 4

Со овој закон не се ограничува правото на припадниците на националностите на службена употреба на јазикот и писмото на националностите во единиците на локалната самоуправа, согласно со Уставот на Република Македонија и закон.

Член 5

Македонскиот јазик, покрај употребата во органите на државната власт, во органите на единиците на локалната самоуправа и градот Скопје, се употребува и во:

- трговските друштва, претпријатијата, установите и другите правни лица регистрирани во Републиката;
- називите, рекламите и плакатите на правните лица;
- називите и упатствата на производите, лекарствата, етикетите, фактурите и слично;
- сметките, потврдите и други информации на амбалажата на производите, лекарствата и слично;
- обележувањето на јавните места;
- натписите во средствата за јавен превоз и во јавните објекти;
- титлувањето, односно синхронизирањето на филмовите и емисиите на странски јазик што се прикажуваат јавно;

- титлувањето, односно синхронизирањето снимки на македонски јазик што не е во согласност со член 1 став 2 на овој закон, а што одложено се емитуваат;
- меѓународните договори и другите меѓународни акти што ги склучува Републиката и
- други слични случаи.

Исклучоци од став 1 на овој член се утврдуваат со закон.

Член 6

Заштитата, унапредувањето и збогатувањето на мекедонскиот јазик опфаќаат особено:
- нагласена грижа за употреба на македонскиот јазик во процесот на образованието и воспитанието;
- поттикнување на грижата за употреба на македонскиот јазик, во средствата за масовна комуникација, особено преку печатот, радиото и телевизијата;
- избегнување употреба на странски изрази и заемки, односно, по можност, нивно заменување со соодветни поими од македонската лексика;
- афирмирање на потребата од зголемена општествена и индивидуална грижа за битието и природата на македонскиот јазик во јавната комуникација;
- афирмирање на македонскиот јазик во светот;
- поддршка на учењето на македонскиот јазик во Републиката и во македонските средини надвор од границите на Републиката;
- дејствување на полето на соодветна јазична образованост и култура, стимулирање и поддршка на програми, рубрики и емисии на електронските и другите медиуми за употребата на македонскиот јазик и изработка на компјутерски програми;
- стипендирање кадри за изучување на македонскиот јазик;
- предлагање кандидати за републички награди и признанија од обласа на проучувањето и афирмацијата на македонскиот јазик во Републиката и странство;
- поддршка за учење на македонскиот јазик, како странски јазик, во и надвор од Републиката, како и давање јазична помош на заинтересираните лица;
- укажување на јазичните недоследности и неправилности во употребата на македонскиот јазик;
- организирање курсеви, семинари, советувања и други слични активности за употебата на македонскиот јазик и
- издавање публикации на македонски јазик и слично.

Член 7

Службените текстови од законодавната, извршната и судската власт, локалната самоуправа, учебниците, емисиите, печатот, преводите и другите текстови од член 5 став 1 на овој закон, што се објавуваат, задолжително се лекторираат на македонски јазик.

Лекторирање може да врши лице со положен испит за лектор, односно со добиена лекторска лиценца, во согласност со овој закон. Лекторска лиценца дава Министерството за култура по положен испит во согласност со овој закон.

На текстовите од став 1 на овој член, на соодветен начин се објавува името на лекторот, односно на друг соодветен начин се документира извршеното лекторирање.
Лекторот својата дејност може да ја врши и како слободно занимање, согласно со приписите за трговските друштва.

Член 8

Владата на Република Македонија, по предлог од Министерството за култура и Министерството за образование и наука, основа Совет за македонски јазик, како стручно тело (во натамошниот текст: Совет).
Советот е составен од претседател и осум членови од редот на истакнати поединци од обласата на културата, науката и образованието, со мандат од четири години со можност за повторно именување.

Член 9

Советот ги врши следниве работи:
- дава мислења, предлози, упатства и препораки за употребата, односно заштитата, унапредувањето и збогатувањето на македонскиот јазик, вклучувајќи ја и терминологијата од сите научни области;
- дејствува во правец на изнаоѓање форми и решенија за заштита, унапредување и збогатување на македонскиот јазик;
- предлага програми за заштитата, унапредувањето и збогатувањето на македонскиот јазик во сите области на службена комуникација, што ги доставува до Владата на Република Македонија;
- дејствува на полето на соодветна јазична образованост и култура;
- соработува со научни институции во Републиката и странство;
- издава публикации за македонскиот јазик и
- врши други работи во врска со член 6 на овој закон.

Советот донесува програма и деловник за својата работа.
Советот еднаш годишно и поднесува на Владата на Република Македонија извештај за својата работа.

Член 10

(1) Испитот за добивање на лекторска лиценца (во натамошниот текст: испитот) се полага заради проверка на потребното стручно знаење за вршење на лекторирање.
(2) Испитот може да го полага лице кое има високо образование (диплома за завршено четиригодишно високо образование или диплома со 300 кредити според европскиот кредит трансфер систем – ЕКТС) на студиските програми - македонски јазик или македонски јазик и литература, со прв главен предмет македонски јазик.
(3) Министерот за култура, на предлог на Советот, формира комисија за полагање испит за лектор (во натамошниот текст: Комисијата). Комисијата е составена од претседател и двајца членови, од редот на стручни лица за оваа област, со мандат од четири години, со можност за повторно именување.

(4) Начинот на полагањето на испитот и програмата за испитот, на предлог на Советот ги пропишува министерот за култура.

Член 10-а

(1) Барањето за полагање на испитот кандидатот го поднесува до Министерството за култура.
(2) Со барањето за полагање на испитот, кандидатот е должен да поднесе доказ за исполнување на условот за полагање на испитот од членот 10 став (2) од овој закон.
(3) На кандидатите кои го положиле испитот им се издава лекторска лиценца во рок од 15 дена од денот на завршување на испитот.
(4) На кандидатот кој не го положил испитот Министерството за култура му издава решение во рок од 15 дена од денот на завршувањето на испитот.
(5) Против решението од ставот (4) на овој член може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.
(6) Образецот на барањето од ставот (1) на овој член го пропишува министерот за култура.
(7) Формата и содржината на лекторската лиценцата од ставот (3) на овој член ги пропишува министерот за култура.

Член 10-б

(1) Издадената лекторска лиценца се заменува со нова кога:
- има промена на личните податоци на нејзиниот носител,
- поради дотраеност или оштетување стане неупотреблива и
- е изгубена или на друг начин нејзиниот носител останал без неа.

(2) Во случаите од ставот (1) алинеи 1 и 2 на овој член, претходно издадената лекторска лиценца се доставува веднаш до Министерството за култура заради нејзино поништување.
(3) За поништување на лекторската лиценца министерот за култура формира трилена комисија од редот на вработените во Министерството за култура.
(4) Носителот на лекторската лиценца кој ќе ја загуби лекторска лиценца или на друг начин ќе остане без неа, е должен да пријави во Министерството за култура и да поднесе барање за издавање на нова лекторска лиценца.

Член 10-в

(1) Издадените и одземените лекторски лиценци, како и лекторските лиценци кои престанале да важат, се евидентираат во регистарот кој го води Министерството за култура.
(2) Регистарот од ставот (1) на овој член се објавува на веб страницата на Министерството за култура.
(3) Формата и содржината на регистарот од ставот (1) на овој член и начинот на неговото водење ги пропишува министерот за култура.

Член 10-г

(1) Министерот за култура по предлог на Советот со решение ќе ја одземе лекторската лиценца, ако носителот на лиценцата лекторира спротивно на пропишнаните стандарди за лекторирање.

(2) Против решението од ставот (1) на овој член може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Членови: 10-д, 10-ѓ, 10-е, 10-ж, 10-з, 10-ѕ, 10-и, 10-ј, 10-к, 10-л, 10-љ, 10-м, 10-н, 10-њ, 10-о, 10-п, 10-р, 10-с и 10-т - Избришани

Член 11

(1) Стручните и административните работи за Советот и за Комисијата ги врши Министерството за култура.

(2) Средствата за работа на Советот и за работа на Комисијатасе обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

(3) На претседателот и на членовите на Советот кои присуствувале и учествувале во работата на седницата им следува соодветен надомест што го утврдува Владата на Република Македонија, во зависност од бројот на одржани седници и од обемот и сложеноста на извршените работи.

(4) На членовите на Комисијата им следува соодветен надомест што го утврдува министерот за култура, во зависност од бројот на одржани испити и бројот на изготвените прашања за испитот.

Член 12

(1) Управен надзор врз спроведувањето на овој закон врши Министерството за култура.

(2) Инспекциски надзор над спроведувањето на овој закон врши Министерството за култура преку инспекторите за култура согласно Законот за културата.

Член 13

Глоба во износ од 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице што ќе објави нелекториран текст (член 7 став 1).

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице.

За прекршокот од ставот 1 на овој член на правното лице може да му се изрече посебна прекршочна мерка одземање на предмети со кои е извршен прекршокот.

Член 13-а - Избришан

Надлежност на судот

Член 13-б

За прекршокот од членот 13 на овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд.

Член 13-в

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице се врши согласно Законот за прекршоците.

Член 13-г

(1) За прекршоците од членот 13 од овој закон, инспекторот за култура на сторителот на прекршокот ќе му издаде прекршочен платен налог, согласно Законот за прекршоците.

(2) Доколку сторителот го прими прекршочниот платен налог, истиот треба да го потпише. Примањето на прекршочниот платен налог од сторителот на прекршокот се забележува во записникот.

(3) Во записникот од ставот (2) на овој член се утврдува начинот на кој ќе се отстранат штетните последици од прекршокот, како и начинот на надминување на последиците од сторениот прекршок.

(4) Кога како сторител на прекршок се јавува правно лице, записникот и прекршочниот платен налог го потпишува одговорното лице или од него овластено лице.

(5) Инспекторот за култура е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

(6) Во евиденцијата од ставот (5) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(7) Личните податоци од ставот (6) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

(8) Министерот за култура ја пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.

Член 14

Владата на Република Македонија, ќе го основа Советот во рок од два месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Советот ќе ги донесе актите од член 9 став 2 на овој закон, во рок од три месеци од денот на неговото основање.

Министерот за култура, ќе ја основа Комисијата од член 10 став 1 на овој закон и ќе ги донесе актите од член 10 став 3 на овој закон, во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

Правните лица ќе ја усогласат работата со одредбите на овој закон во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 15

Лицата, кои на денот на влегувањето во сила на овој закон се распоредени на работно место „лектор“, можат да продолжат да работат како лектори, доколку го положат испитот во рок од шест месеци од денот на објавувањето на актите од член 10 став 3 на овој закон.

Член 16

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Член 17

Член 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за употребата на македонскиот јазик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 187/13)
Подзаконските акти од членовите 10-б став (2), 10-ж став (4), 10-и став (3), 10-н став (2) и 10-с став (3)  од овој закон ќе се донесат во рок од една година од денот на влегување во сила на овој закон.

Член 18

Член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за употребата на македонскиот јазик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 187/13)
Лицата кои положиле испит за лектор согласно одредбите од Законот за употреба на македонскиот јазик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/98, 89/08 и 116/10), положениот испит за лектор им се признава и се запишуваат во регистарот од членот 10-с став (1) од овој закон.

Член 19

Член 9 од Законот за изменување и дополнување на Законот за употребата на македонскиот јазик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 187/13)
Постапките за полагање на испит за лектор започнати до денот на започнување на примената на овој закон ќе се завршат согласно со одредбите од прописот по кој започнале.

Член 20

Член 10 од Законот за изменување и дополнување на Законот за употребата на македонскиот јазик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 187/13)
Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе започне да се применува една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 21

Член 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за употребата на македонскиот јазик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 152/15).
Подзаконскиот акт утврден со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 22

Член 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за употребата на македонскиот јазик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 152/15).
Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Член 23

Член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за употребата на македонскиот јазик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 192/15).

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Член 24

Член 12 од Законот за изменување и дополнување на Законот за употребата на македонскиот јазик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 193/17)

Министерот за култура ќе ја формира Комисијата од членот 2 од овој закон во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 25

Член 13 од Законот за изменување и дополнување на Законот за употребата на македонскиот јазик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 193/17)

Постапките за полагање на испитот за добивање на лекторска лиценца започнати согласно Законот за употребата на македонскиот јазик („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/98, 89/08, 116/10, 187/13, 152/15 и 192/15), ќе завршат согласно овој закон.

Член 26

Член 14 од Законот за изменување и дополнување на Законот за употребата на македонскиот јазик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 193/17)

Лицата кои го положиле испитот за добивање на лекторска лиценца согласно одредбите од Законот за употребата на македонскиот јазик („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/98, 89/08, 116/10, 187/13, 152/15 и 192/15), положениот испит им се признава и се запишуваат во Регистарот од членот 5 став (1) од овој закон.

Член 27

Член 15 од Законот за изменување и дополнување на Законот за употребата на македонскиот јазик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 193/17)

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 28

Член 16 од Законот за изменување и дополнување на Законот за употребата на македонскиот јазик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 193/17)

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за употребата на македонскиот јазик.

Член 29

Член 17 од Законот за изменување и дополнување на Законот за употребата на македонскиот јазик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 193/17)

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.